49	533188.5104	655208.6942	
50	533207.8841	655183.9911	
51	533221.384	655166.6036	
52	533204.834	655156.5954	
53	533183.4393	655145.931	
54	533185.728	655127.1809	
55	533209.596	655101.5315	286.1088
56	533250.7279	655038.6886	
57	533285.3124	654990.8212	
58	533362.359	654880.427	
59	533411.247	654810.615	
60	533489.363	654713.772	
61	533616.9507	654567.6052	276.0814
62	533675.3015	654500.6242	276.0814
63	533677.6472	654495.6937	276.0814
64	533673.854	654454.4479	551.388
65	533676.2534	654440.6609	276.0814

66	533675.2875	654393.3742	276.0814
67	533728.5648	654337.8145	276.0814
68	533783.7214	654281.2049	276.0814
69	533831.89	654231.026	276.0814
70	533936.1585	654229.3562	276.0814
71	533948.0045	654223.4412	276.0814
72	533988.803	654183.0846	276.0814
73	534039.0468	654126.6914	276.0814
74	534084.6808	654070.0579	
75	534113.6241	654033.6936	276.0814
76	534136.5618	653994.6036	
77	534167.6965	653938.8525	
78	534227.1259	653814.3647	
79	534244.8472	653765.7939	
80	534160.7803	653752.8724	
81	534115.0134	653749.1915	273.5248
82	534019.1965	653734.7811	
83	533979.7743	653735.4047	
84	533918.3606	653723.2403	
85	533863.9475	653714.2825	
86	**533733.3039**	**653699.5874**	**Нај јужна**
87	533729.0111	653720.3006	
88	533700.4832	653756.1764	
89	533659.8917	653788.1774	
90	533584.5449	653850.5973	
91	533537.9044	653905.4092	
92	533505.2808	653957.3848	
93	533489.0333	653996.8184	
94	533468.0058	654037.4079	
95	533458.3514	654072.5665	
96	533445.4377	654079.7381	
97	533413.5434	654143.3407	
98	533383.0617	654197.8051	
99	533436.1949	654209.1463	272.4548
100	533485.8094	654219.5467	
101	533478.4594	654289.3817	
102	533406.626	654273.891	
103	533345.8622	654253.8569	
104	533321.1014	654291.4132	273.9968
105	533288.5756	654341.2483	273.9968
106	533249.7432	654388.2964	273.9968
107	533200.1169	654431.598	273.9968

108	533162.8535	654475.7162	273.9968
109	533086.0128	654539.5334	273.9968
110	533007.9271	654609.108	
111	532945.3377	654662.2733	
112	532912.3848	654691.111	
113	532916.6906	654697.1474	
114	532895.2689	654761.7761	
115	532867.9829	654840.304	
116	532863.7476	654856.4074	
117	532840.621	654917.654	
118	532830.0384	654940.0221	
119	532808.1858	655018.1643	
120	532789.1265	655070.1141	
121	532769.616	655139.7736	
122	532769.6488	655149.7783	
123	532738.7517	655236.5381	
124	532729.201	655279.3629	
125	**532622.8681**	**655258.426**	**нај западна**
126	532636.9277	655305.1611	
127	532643.2736	655317.4606	
128	532646.6646	655324.9686	
129	532644.9476	655351.1616	
130	532647.846	655384.338	
131	532660.2866	655439.5316	
132	532662.3751	655461.1987	
133	532691.0779	655605.5207	
134	532679.6561	655623.934	
135	532633.8593	655677.9997	
136	532642.3798	655687.4329	
137	532669.452	655736.671	
138	532683.8093	655756.5646	
139	532687.2152	655772.9172	
140	532685.5968	655788.8698	
141	532706.9776	655889.9196	
142	532717.8661	655934.2286	299.1912
143	532740.262	655996.956	
144	532765.0248	656053.2377	299.737
145	532800.32	656126.753	
146	532810.1775	656124.7757	
147	532832.9129	656103.6611	
148	532974.6123	656109.4052	
149	533052.076	656149.291	

150	**533038.9841**	**656166.2639**	**Најсеверна**
151	533118.1868	656164.8301	
152	533189.547	656162.1819	
153	533197.7278	656118.891	
154	533243.6499	656114.0481	
155	533289.9456	656107.7835	
156	533323.5749	656099.001	
157	533348.7568	656154.4116	
158	533377.2419	656148.048	
159	533385.3892	656149.1447	
160	533359.0148	656080.9134	
161	533403.2729	656060.402	
162	533486.2289	656027.0836	
163	533592.889	655985.685	
164	533646.5869	655937.9091	
165	533678.1555	655915.6138	
166	533717.0327	655897.0979	
167	533761.1561	655888.83	
168	533831.981	655877.6238	
169	533838.455	655798.0928	
170	533876.9991	655797.3129	
171	533922.224	655806.4438	
172	534006.0727	655818.7934	
173	534066.4797	655794.2121	311.9627
174	534166.1341	655754.0066	
175	534302.187	655699.3623	
176	534384.1076	655666.4598	
177	534450.3088	655650.812	
178	534529.6422	655648.6627	
179	534578.4491	655657.2457	

Планерски елементи на градежното земјиште

2.

Градежното земјиште е земјиште чија што намена и начин на уредување ,градење и користење се утврдува со урбанистички план.Статус на градежно земјиште добива секое земјиште во подрачјето за кое е донесен урбанистички план.

Блокот и градежната парцела се единици на градежното земјиште чија наменаи начин на уредување ,градење и користење ,се утврдува со урбанистички план.Поголема единица за која се определува начин на користење и уредување на земјиштето ,за овој урбанистички план е БЛОК.**Во рамки на планскиот опфат има определено 15 (петнаесет) блока**.

Градежна парцела е основна и најмала единица на градежното земјиште и е ограничена со регулаторни линии.Во дадениот плански опфат во оваа фаза на

изработка на планот ќе се разработи **БЛОК-12**,при што ќе се направи парцелација и ќе се определат градежни парцелои во рамки на блокот,како основни и најмали единици на градежното земјиште.

Регулаторни линии

3.

Регулаторни линии се плански одредби во графичкиот дел на урбанистичкиот план кои го разграничуваат градежното земјиште од аспект на носителите на правото на градење.

Регулаторните линии се регулационата линија и граница на градежната парцела

- **Регулациона линија** е граница меѓу градежното земјиште за општа употреба и градежното земјиште парцелирано на градежни парцели наменето за поединечна градба.
- **Граница на градежната** парцела е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

Градежна парцела

4.

Градежната парцела е ограничен дел од градежното земјиште со ист носител на право на градење.Градежната парцела се состои од една или повеќе катастарски парцели ,при што сите сопственици на катастарските парцели и делови од катастарските парцели во рамките на градежната парцела,претставуваат единствен носител на правото на градење

- Делови на градежната парцела се :
  -Површина за градење(дел од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите ,ограничена со градежни линии)и
  -дворно место(дел од градежната парцела незафатен со површината за градење)
- Градежните парцели задолжително се формираат во Урбанистички план вон населено место ,што се изработуваат според член 9 ,став 1 ,од Правилникот за поблиска содржина ,размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови(сл. Вес. на РМ бр. 78/06,37/14).

Намени на земјиштето-наменска зона

5.

Наменска зона е ограничена површина на градежно земјиште со иста наменска употреба на земјиштето

Намената на земјиштето се уредува на ниво на наменски зони во Урбанистичкиот план вон населено место, во графичкиот прилог бр. 1-План на намена на земјиштето и градбите. Според овај графички дел, во планскиот опфат ги има следните групи на класи на намени:

- **Г-производство,дистрибуција ,сервиси,**
- **А-Б-Мешана намена**
- **Д-зеленило и рекреација**
- **Е -Инфраструктура**

Височина на градба

6.

Максималната височина на градбата е дозволена височина на градбата на вертикалната рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија.Максималната висина на градбата во урбанистички план се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни

метри. Максималната висина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела. До колку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад ,максималната височина се одредува од висинската кота на тротоарот во средината на страната на градбата долж падот на теренот.

Горен или завршен венец на градбата е хоризонтална линија до која завршува вертикалниот фасаден ѕид од градбата поставен на градежната линија.

Максималната висина на градбата може да се надополни и со определување на број на спратови кој може да се изгради во рамките на даденета висина . Најмалата спратна висина со која се пресметува бројот на спратови,мерено од плоча до плоча ,за домување е 2,90м ,а за деловна дејност 3,40м.

Максималната висина до венец ќе се определи со разработка на блоковите за секоја градежна парцела.

- **Височина на слеме** се определува со урбанистички план ,како услов

за градење на ниво на наменска зона ,уличен фронт ,блок или плански опфат.

Слемето е највисоката точка на кровната кондтрукција . Висината на слемето се одредува во метри , од котата на горниот ,завршниот венец на градбата.**Максимална висина на слемето е 4,50метри**, над завршниот венец на градбата ,а со урбанистички план може да се одреди помала или поголема височина на слемето во зависност од конкретните потреби или традиционални карактеристики на автентичниот архитектонски израз или за специјални градби.

Во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се уредува потпокривен корисен простор,кој се третира рамноправно како и другиот корисен изграден простор по спратови на градбата. Во потпокривот може да се искористи само една спратна висина.

Од максималната висина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите ,што се уредува со урбанистички план на ниво на плански опфат,блок или поединечна парцела, како што се:

-кули,покривни баџи ,стакларници и издадени покривни елементи, оџаци, вентилациони канали ,лифтовски куќички ,вертикални комуникации и сите техничко технолошки инсталации , како и сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец ,односно над дозволената силуета на покривот

Процент на изграденост на земјиштето

7.

Процентот на изграденост е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост ,односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште ,изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси ,скали рампи ,патеки и сл. Процентот на изграденост може да се пресметува на ниво на градежна парцела ,наменска зона или плански опфат.

Максимало дозволените вредности на параметрите со кои се нормираат планските решенија на класите на намена Г се условени со обезбедување на потребен број на паркинг места ,како и другите стандарди и нормативи од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. Максимално дозволени вредности на процентот на изграденост на земјиштето(Р),коефициентот на искористеност на земјиштето (К) и на дозволената височина изразена во катови или метри (Н) за класите на намени Г2,Г3,Г4 како и за А1 и Б1 изнесуваат :

П ---------до 70%//за секоја градежна парцела/

К --------–ке се определи со разработка на блок или со АУП

Н----------ке се определи со разработка на блок или со АУП

Процентот на изграденост може да се пресметува на ниво на градежна парцела, наменска зона ,блок или плански опфат.

Коефициент на искористеност на земјиштето

8.

Коефициентот на искористеност на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште. Коефициентот на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина ,односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште.

Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.
Во урбанистички план за село процентот на изграденост и коефициентот на искористеност на земјиштето се употребуваат со минимални или максимални вредности на ниво на блок или наменска зона.
За планскиот опфат, на Урбанистички план вон населено мест индустриска зона Визбегово КО Визбегово Општина Бутел, плански период 2014-2024год. ќе важат следните Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите, согласно Правилникот за стандарди нормативи за урбанистичко планирање, (Сл.вес. на РМ бр. 63/12,126/12,19/13,95/13,167/13,37/14,125/14,148/14) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови, (Сл.вес. на РМ бр. 78/2006,37/14год).

Зеленило, спорт и рекреација

9.

Во рамките на проектниот опфат се планира да има заштитно зеленило и тоа како заштитно зеленило на магистрална сообраќајница,и во сите блокови како инфраструктурен коридор за поставување на потребните инсталации.Исто така во рамки на градежните парцели инвеститорите индивидуално да ја уредат слободната површина со ниско и високо зеленило.

Мерки за заштита

10.

Обврзно да се почитуваат мерките за заштита на животната средина и природата при издавање на урбанистички архитектонски услови , како и при изработка на основните проекти на градбите.
Обврзно да се почитуваат мерките за заштита на животната средина при изработка на идејните проекти на сообраќајна и комунална инфраструктура, согласно
Законот за животна средина (Сл. весник на Р.М. број 53/05, 81/05 , 24/07,159/08,83/09,48/10,124/10,51/11,123/12 и93/13). број 53/05).

11.

Обврзно треба да се почитуваат мерките за заштита и спасување при издавање **на услови како и при изработка на основните проекти на градбите.**
Обврзно да се почитуваат мерките за заштита и спасување при изработка на основните проекти како и проекти за инфраструктура- сообраќајна и комунална инфраструктура, согласно Законот за одбрана (Сл.в. на РМ бр.185/11-пречистен текст), Законот за заштита и спасување ((Сл.в. на РМ бр.93/12-пречистен текст); Законот за пожарникарство (Сл.в.на РМ бр 67/04) и Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр.29/05 и 36/11);

12.
Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство - Сл.весник на РМ бр. 20/04 и 115/07).
Во текот на реализација на овој План, доколкусе наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04 и 115/07), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и веднаш да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл. 129 од Законот.

13.Планскиот опфат се наоѓа во рамки на рамнините за ограничување на препреки за спортскиот аеродром Скопје-Стенковец,односно северниот дел на зафатот е на 689м од прагот на полетно-слетната патека.Мал дел од зафатот се наоѓа и во југоисточната –приодно-одлетната рамнина,на само 19м од продолжената централна линија на полетно слетната патека.
Согласно член76 од Законот за воздухопловство ("Сл.Вес. на РМ" бр. 14/2006,27/2007,103/2008,67/2010,24/2012,80/2012,155/2012 и 42/2014) односно Правилникот за условите за постапување градба и обележување на објекти ,инсталации и уреди во зоната на аеродромот, кои што можат да влијаат на безбедноста на воздушниот сообраќај и условите и начинот на обработка земјиштето во зоната на аеродромот и земјиштето во неговата непосредна близина ("Сл. Вес.на Р. М."бр. 130/2007), во УПВНМ за индустриска зона Визбегово , заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај на аеродромот потребно е :

- Максималната височина на било која структура во зафатот ,да не биде над елевацијата на хоризонталната рамнина ,односно над елевацијата 367мнв.
- Уличното осветлување да се планира со светилки кои емитираат светлина исклучиво кон земја.
- Во планскиот опфат да не се предвидуваат објекти или содржини со елементи или структури кои ќе емитираат радио сигнали,ласерски сигнали или светлосни снопови,
- Во понатамошната фаза ,планот ке се спроведува со разработка на блоковите ,како и со изработка на АУП-и за парцелите каде има услови согласно законската регулатива./согласно Член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање/ .
- При разработка на блоковите , пред нивно усвојување да се обезбеди согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај која ја издава Агенцијата за цивилно воздухопловство.

8.2.Други општи услови

При издавање на Извод од урбанистички план за сé што со овие одредби не е пропишано или дефинирано, важат одредбите од Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (сл. Вес. На РМ бр 78/06 ,37/14)и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. број 63/12,126/12,19/13,95/13,167/13,37/14,125/14,148/14).

9.ПОСЕБНИ УСЛОВИ за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите, за секоја урбанистичка единица за планирање чиишто граници се утврдени со планот

14.

Планските одредби се основа за издавање на Извод од УПВНМ со утврдени параметри за планскиот опфат и за блоковите во него. За комуналната инфраструктура, поребно е да се изработат проекти за инфраструктура

Посебните услови за градење содржат детални податоци за условите за градење и тоа: вид на планираната градба ,нејзината намена,дозволена висина на градење ,максимален број на спратови ,висина на кровната конструкција ,режим на градење на до котата на горниот венец ,кота на нулта плоча во однос на нивелетата на пристапната сообрќајница ,дефиниција на елементите на внатрешниот сообраќај, пристапи, пасажи рампи,паркиралишта и гаражи, режим на градење под земја, поединечни специфичности на градежна парцела по однос на објектите на комуналната инфраструктура ,теренот или степенот на начинот на обработката на партерот ,зеленилото,параметри за заштита на недвижното културно наследство . Посебните услови за градење служат за спроведување на плановите и тоа непосредно за изготвување на извод од урбанистички план и за решение за локациски услови.Планскиот опфат од **216.73ха** ,за кој се изработува Урбанистички план вон населено место за индустриска зона Визбегово КО Визбегово -Општина Бутел е поделен на помали единици на планирање-блокови,**вкупно 15 кои се означени со БЛОК 1------БЛОК 15**

-Блок-1 со површина П=10.30 Ха,
-Блок-2 со површина П=19.30 Ха,
-Блок-3 со површина П= 9.50 Ха,
-Блок-4 со површина П=13.75 Ха,
-Блок-5 со површина П=22.45 Ха,
-Блок-6 со површина П=13.45 Ха,
-Блок-7 со површина П= 6.30 Ха,
-Блок-8 со површина П=23.00 Ха,
-Блок-9 со површина П=11.20 Ха,
-Блок-10 со површина П=18.80 Ха,
-Блок-11 со површина П=25.20 Ха,
-Блок-12 со површина П=13.00 Ха,
-Блок-13 со површина П=13.00 Ха,
-Блок-14 со површина П=13.00 Ха,
-Блок-15 со површина П= 4.48 Ха,

Вкупно:. 216.73Ха

Во 14 урбани блокови преовладува површината наменета за Производство ,дистрибуција и сервиси ,односно Г2-лесна и незагадувачка индустрија Г3-сервиси иГ4- складишта.Само во Блок-1 планирана е Мешана намена А-Б,односно А1 –домување во станбени куќи и Б1-мали комерцијални и деловни намени.

Зеленило,во функција на заштитно зеленило се планира како дел во заштитниот појас на транзитна магистрална сообраќајница -9 автопат Никола Карев-Превземено одГУПСкопје) ,а и во самите блокови како заштитно зеленило со што се формира инфрастуктурен коридор.

Запланскиотопфат, за Урбанистички план вон населено место за Индустриска зона“Визбегово”со разработка на Блок-12,КО Визбегово,општина Бутел со опфат од

216,73ха во определените граници, со плански период 2014-2024год. ќе важат следните Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите, согласно Правилникот за стандарди нормативи за урбанистичко планирање, (Сл.вес. на РМбр. 63/12,126/12,19/13,95/13,167/13,37/14,125/14,148/14) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови, (Сл.вес. на РМбр. 78/06,37/14)

15.*Посебни услови за градба за секој блок во опфатот*

БЛОК -1-соповршина 10.30 Ха

Класи на намени:
Во блокот се планира **МЕШАНА НАМЕНА А и Б**,домување и комерцијални и деловни намени,со основна класа на наменаА1--домување во станбени куќи,Б1-мали комерцијални и деловни дејности, и сообраќајна инфраструктура.
Природа на зафат:Се планираат нови градежни зафати.
Паркирање:Паркирањето ,гаражирањето да се предвиди во склоп на градежните парцели и објекти,со разработка на блокот или со АУП.
Други услови:
Алтернативните , компатибилните класи на намена да не го надминат максимално дозволениот процент на учество.
Други услови:
Висините на градбите,процентите на изграденост и коефициентите на искористеност да се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. вес. на РМбр .63/12,126/12,19/13,95/13,167/13) и проектирање на објектите. (сл. вес. на РМбр . 60/12)
Други услови: Во понатамошна фаза потребна е разработка на блокот во размер 1:1000 со што ќе се определат градежни парцели и ќе се уврди површина за изградба на објектисо сите параметри,согласно намената и застапеноста на компатибилните намени .

- **Други услови:**Да се почитуваат и применуваат мерките за заштита.
  При разработка на блокот ,а пред доставување на барање за согласност или пред одобрување на АУП-от да се обезбеди согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај која ја издава Агенцијата за цивилно воздухопловство.

БЛОК -2-со површина19.30 Ха

Класи на намени:
Во блокот се планираат намени за Производство ,дистрибуција и сервиси,со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија,Г3-сервиси,Г4 - стовариште, и сообраќајна инфраструктура.
Природа на зафат:Се планираат нови градежни зафати.
Паркирање: Паркирањето ,гаражирањето да се предвиди во склоп на градежните парцели и објекти,со разработка на блокот или со АУП.
Други услови:
Алтернативните , компатибилните класи на намена да не го надминат максимално дозволениот процент на учество.
Други услови:

Висините на градбите,процентите на изграденост и коефициентите на искористеност да се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. вес. на РМбр .63/12,126/12,19/13,95/13,167/13) и проектирање на објектите. (сл. вес. на РМбр . 60/12)
Други услови: Во понатамошна фаза потребна е разработка на блокот во размер 1:1000 со што ќе се определат градежни парцели и ќе се уврди површина за изградба на објекти со сите параметри,согласно намената и застапеноста на компатибилните намени .

Други услови:Да се почитуваат и применуваат мерките за заштита.

- **При разработка на блокот ,а пред доставување на барање нза согласност или пред одобрување на АУП-от да се обезбеди согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај која ја издава Агенцијата за цивилно воздухопловство.**

БЛОК -3-соповршина9.50 Ха

Класи на намени:
Во блокот се планираат намени за Производство ,дистрибуција и сервиси,со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија,Г3-сервиси,Г4 - стовариште, и сообраќајна инфраструктура.
Природа на зафат:Се планираат нови градежни зафати.
Паркирање: Паркирањето ,гаражирањето да се предвиди во склоп на градежните парцели и објекти,со разработка на блокот или со АУП .
Други услови:
Алтернативните , компатибилните класи на намена да не го надминат максимално дозволениот процент на учество.
Други услови:
Висините на градбите,процентите на изграденост и коефициентите на искористеност да се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. вес. на РМбр .63/12,126/12,19/13,95/13,167/13) и проектирање на објектите. (сл. вес. на РМбр . 60/12)
Други услови: Во понатамошна фаза потребна е разработка на блокот во размер 1:1000 со што ќе се определат градежни парцели и ќе се уврди површина за изградба на објекти со сите параметри,согласно намената и застапеноста на компатибилните намени .

Други услови:Да се почитуваат и применуваат мерките за заштита.

- **При разработка на блокот ,а пред доставување на барање нза согласност или пред одобрување на АУП-от да се обезбеди согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај која ја издава Агенцијата за цивилно воздухопловство.**

БЛОК -4-соповршина13.75 Ха

Класи на намени:
Во блокот се планираат намени за Производство ,дистрибуција и сервиси,со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија,Г3-сервиси,Г4 - стовариште, и сообраќајна инфраструктура.
Природа на зафат:Се планираат нови градежни зафати.

Паркирање: Паркирањето ,гаражирањето да се предвиди во склоп на градежните парцели и објекти,со разработка на блокот или со АУП

Други услови:

Алтернативните , компатибилните класи на намена да не го надминат максимално дозволениот процент на учество.

Други услови:

Висините на градбите,процентите на изграденост и коефициентите на искористеност да се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. вес. на РМбр .63/12,126/12,19/13,95/13,167/13) и проектирање на објектите. (сл. вес. на РМбр . 60/12)

Други услови: Во понатамошна фаза потребна е разработка на блокот во размер 1:1000 со што ќе се определат градежни парцели и ќе се уврди површина за изградба на објектисо сите параметри,согласно намената и застапеноста на компатибилните намени .

Други услови:Да се почитуваат и применуваат мерките за заштита

- **При разработка на блокот ,а пред доставување на барање за согласност или пред одобрување на АУП-от да се обезбеди согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај која ја издава Агенцијата за цивилно воздухопловство.**

БЛОК -5-соповршина22.45 Ха

Класи на намени:

Во блокот се планираат намени за Производство ,дистрибуција и сервиси,со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија,Г3-сервиси,Г4 - стовариште, и сообраќајна инфраструктура.

Природа на зафат:Се планираат нови градежни зафати.

Паркирање:Паркирањето ,гаражирањето да се предвиди во склоп на градежните парцели и објекти,со разработка на блокот или со АУП

Други услови:

Алтернативните , компатибилните класи на намена да не го надминат максимално дозволениот процент на учество.

Други услови:

Висините на градбите,процентите на изграденост и коефициентите на искористеност да се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. вес. на РМбр .63/12,126/12,19/13,95/13,167/13) и проектирање на објектите. (сл. вес. на РМбр . 60/12)

Други услови: Во понатамошна фаза потребна е разработка на блокот во размер 1:1000 со што ќе се определат градежни парцели и ќе се уврди површина за изградба на објектисо сите параметри,согласно намената и застапеноста на компатибилните намени .

Други услови:Да се почитуваат и применуваат мерките за заштита

- **При разработка на блокот ,а пред доставување на барање за согласност или пред одобрување на АУП-от да се обезбеди согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај која ја издава Агенцијата за цивилно воздухопловство.**

9.1.Вид на планирана градба - намена

16.*Во планскиот опфат на: Урбанистички план вон населено место за индустриска зона "Визбегово " со разработка на Блок-12,КО Визбегово –општина Бутел,- намената на земјиштето се уредува на ниво на блок, како најмала единица на градежното земјиште. Во планскиот опфат се јавуваат 15 блока , во Системот на класи на намени ,односно групи на класи на намени:*

-Г *Производство ,дистрибуција и сервиси*
-А-Б*-Мешана намена*
-Д *Зеленилоирекреација*
-Е *Инфраструктура*

-Блок-1 со површина П=10.30 Ха,
-Блок-2 со површина П=19.30 Ха,
-Блок-3 со површина П= 9.50 Ха,
-Блок-4 со површина П=13.75 Ха,
-Блок-5 со површина П=22.45 Ха,
-Блок-6 со површина П=13.45 Ха,
-Блок-7 со површина П= 6.30 Ха,
-Блок-8 со површина П=23.00 Ха,
-Блок-9 со површина П=11.20 Ха,
-Блок-10 со површина П=18.80 Ха,
-Блок-11 со површина П=25.20 Ха,
-Блок-12 со површина П=13.00 Ха,
-Блок-13 со површина П=13.00 Ха,
-Блок-14 со површина П=13.00 Ха,
-Блок-15 со површинаП= 4.48 Ха,

Вкупно: 216.73Ха

Во сите урбани блокови преовладува површината наменета за Производство ,дистрибуција и сервиси и тоа за лесна и незагадувачка индустрија,сервиси и стоваришта.
Зеленило во функција на заштитно зеленило се планира во заштитниот појас наТранзитната магистрала-автопат Никола Карев ,како и во самите блокови со ширина од 5 метри ,кој ке претставува и инфраструктурен коридор ,за поставување на сите потребни инфраструктурни водови. Исто така планирано е и разделно зеленило на транзитната магистрала .

Групи на класи на намени, Г-Производство ,дистрибуција ,сервиси

17.Во групите на класи на наменигГ-производство ,дистрибуција ,сервиси, класи на намени со поединечна намена, имаме

- Г2- Лесна и незагадувачка индустрија
-Г3- Сервиси,
-Г4- Стоваришта

Компатибилни намени со основната намена:

-Г2 , Лесна и незагадувачка индустрија,компатибилна со класите на намена соБ1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4
- Г3 -Сервиси ,компатибилна е со класите на намена Б1,Б2,Б4,Д2,Д3,Д4,Г2,Г4
- Г4 -Стоваришта ,компатибилна е со класите на намена Б1,Б2,Б4,Д2,Д3,Д4,Г3

Групи на класи на намени - А-Б-МЕШАНА НАМЕНА

18.Во групите на класи на намени А-Б мешана намена со поединечна намена, имаме

- А1-Домување во станбени куќи
- Б1-Комерцијални и деловни намени

Компатибилни намени со основната намена:

- А1-Домување во станбени куќи,компатибилна со класите на намена :Б1,В1,Д3 и Б5

- Б1-Мали комерцијални и деловни дејности,компатибилна со класите на намена :А1,А3,Б4

Групи накласинанамени - Д-зеленило и рекреација

19.Во планскиот опфат има простор кој се уредува во групи на класи на намени - Д Зеленило и рекреација, односно класа на намена ,Д2-заштитно зеленило. Површината изведена со класа на намени Д2, не може да се пренамени во друга класа на намени.

Заштитно зеленило може да се предвиди во рамки на градежните парцели ,при разработка на истите .
Исто така заштитното зеленило може да се предвиди и во рамки на заштитниот појас на автопатот и на железничката пруга ,од двете страни.Како инфраструктурен коридор во секој блок со ширина од 5,0м или помалку во зависност од условите и од постојните објекти.

Групи на класи на намени - Е-инфраструктура

20. Основна класа на намена :

- Е1-комунална инфраструктура,во која спаѓаат :
сообраќајни коридори, водоводна инфраструктура ,канализациона инфраструктура,енергетска инфрастр.,телекомуникациска инфрастр.
- Е2-комунална супраструктура-трафостаници,мерни станиции ,резервоари,бензински пумпни станици,др.

9.2.Елементи на сообраќај

21.Сообраќајната инфраструктура се состои од мрежа на сообраќајници, односно мрежа на улици. Уличната мрежа се состои, според хиерархиската функционална класификација, од примарна и секундарна улична мрежа. Концептот на планираната сообраќајна мрежа, во рамките на планскиот опфат е решен со магистална,собирни и сервисни улици,

Овие сообраќајници се категоризирани како што следи:

Магистрални улици:

- Транзитна магистрала бул. "Никола Карев" (Автопат А-4) = 2.475,68м'

Собирни улици :

- Новопланирана собирна улица 13 = 2.030,38м'
- Новопланирана

собирна улица 14 = 312,26м’
- Новопланирана
- собирна улица 21 = 1.367,86м’

Вкупно: 3.710,50м’

Вкупна должина на планираните сервисни улици изнесува

- C1 = 774,36м’
- C2 = 898,60м’
- C3 = 774,44м’
- C4 = 64,87м’
- C5 = 306,25м’
- C6 = 820,90м’
- C7 = 557,72м’
- C8 = 430,11м’
- C9 = 568,68м’
- C10 = 109,94м’
- C11 = 2.125,66м’
- C12 = 289,25м’
- C13 = 1.024,49м’
- C14 = 120,00м’
- C15 = 361,77м’
- C16 = 309,00м’

Вкупно: 9.536.04

Внатрешната сообраќајна мрежа, во оваа фаза на изработка на урбанистички план вон населено место Индустриска зона “ВИЗБЕГОВО” со разработка на Блок-12,КО Визбегово-општинаБутел ,според членот 8,став 2 не се решава.
Во понатамошна разработка на урбаните блокови ќе се реши и секундарната сообраќајна мрежа.

- Исто така во рамки на планскиот опфат за УПВНМ за Индустриска зона “ВИЗБЕГОВО” со разработка на Блок-12,КО Визбегово-општина Бутел се наоѓа и дел од магистралниот патен правец-А4-Скопје Тетово Гостивар-Кичево (автопат),кој поминува низ зоната. Согласно законот за Јавни патишта предвиден е заштитен појас на патот.
- Добиеное Мислењебр. 09-699/2 од 08-03-2012 год. ,како одговор на барањебр. 0302-24 од 07-02-2012 год.,од Агенцијата за државни патишта .
- На источната страна на зоната поминува железничката пруга-Скопје-Кичево. Границата на опфатот е на осовината на пругата. Предвиден е заштитен појас на железничката пруга,согласно членот 39 и член 59 од Законот за железнички системи (сл. Вес. На РМбр. 48/10) .

По однос на планското решение ,добиен е допис бр. 1024/1 од 17-08-2012 год-Одговор на барање за мислење ,одстрана на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура-Македонски железници , во кој стои дека При Изработката на УПВНМ за Индустриска зона “ВИЗБЕГОВО” КО Визбегово-општина Бутел,треба да биде во согласност со Законот за железнички системи(сл. Вес. На РМбр. 48/2010 ,член 39 и 59) во однос на заштитното растојание на објектите од железничката пруга,штое испочитувано .

- ***Покрај планираното сообраќајно решение со УПВНМ ,во понатамошна реализација,можна е разработка на сообраќјната мрежа за повисоко ниво на поврзаност на зоната со изработка на Проект за инфраструктура за примарната сообраќајна мрежа во постапка определена со закон во соработка со Градот Скопје,согласно закон***

ПАРКИРАЊЕ

22.Паркирањето според класите на намени на објектите, се обезбедува според член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, (Сл.вес. на РМбр. 63/12,126/12,19/13,95/13,167/13,37/12,125/14,148/14), како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.

Потребите за паркирање ќе се решаваат во рамките на сопствената градежна парцела, со почитување на потребниот број на паркинг места ,согласно членот 59 и 61.

9.3.КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

23.Наменските зони ,а со тоа и градбите во нив, во Урбанистичкиот план вон населено место за индустриска зона Визбегово , на комуналните инфраструктурни системи ќе се приклучат, во согласност од условите што ги пропишуваат соодветните Правни субјекти што стопанисуваат со нив, на ниво на општината , односно државата.

9.4.Услови за движење на лица со инавлидитет

24.Условите за движење на лица со инвалидитет се пропишани во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМбр. 63/12,126/12,19/13,95/13,167/13). Според овој Правилник составен дел на урбанистичките планови се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на инвадилизирани лица во рамките на планскиот опфат.

Воусловите за градење кои во урбанистичките планови се уредуваат за градби од класите на намени А, Б и В, задолжително се предвидуваат рампи за пристап за висинско совладување на денивелираните површини за комуникација на влезовите од градбите и внатрешни рампи во јавните и групните простории како и просториите за собири. Рампите се димензионираат според член 78 од спомнатиотПравилник.

9.5. Обликување на градбите и градежните парцели

- Услови за градење во УПВНМ за индустриска зона - "ВИЗБЕГОВО" ,КО Визбегово-општина Бутел

25.Просторот зафатен за градба во Индустриска зона "ВИЗБЕГОВО" со разработка на Блок-12,КО Визбегово-општина Бутел , во поголем дел претставува градежно неизградено земјиште . Исто така има изградени објекти ,индустриски погони ,нагацини ,складови ,сервиси ,продажни салони ,авто салони ,административни објекти за деловните субјекти ,како и угостителски објекти ,еден хотел ,прифатен центар за азиланти .Постојните градби се валоризирани во документационата основа на планот. Во проекција се предвидува површина за намена-Лесна и незагадувачка индстрија ,сервиси ,складишта со компатибилни намени ,согласно табела -2 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл.весникнаРМбр. 63/12,126/12,19/13,95/13,167/13,37/14,125/14,148/14).

26.-Фасади

За изработка на фасадите да се употребат квалитетни стандардизирани материјали ,кои одговараат на намената на објектите ,нивната функционалност ,како и од аспект на естетско обликување.Истите да одговараат и на постојниот амбиент, матерјали од локален карактер кои ќе се вклопат со фасадите од соседните објекти, при што повеќе да се почитува инвентивноста на архитектите.

27.-Кровови

Крововите како завршен елемент на градбите, зависат од архитектонското решение. Најчесто се двоводни или четвороводни, со максимален нагип од 35 степени, пресметано од завршниот венец на градбата. Мансардниот покрив има максимален агол на косина од 60степени, кој почнува од завршниот венец поставен на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот е градежната линија. Покривачкиот матерјал што се користи да е соодветен на намената на објектите,како и на севкупниот амбиент.

28.-Огради

Оградувањето на градежните парцели кон улица треба да биде со ограда со висина, не поголема од 1.60м. од која половина е полна ограда, а останатата половина (80см.) треба да биде транспарентна. Оградувањето со соседните парцели можи да биди со повисока ограда.

29. -Партер

Партерното решение на ниво на блок ќе зависи од партерното уредување на ниво на градежните парцели од групите на класи на намени: Г2,Г3,Г4, кое останува самостојно да го решаваат сопствениците на градбите, но при тоа треба да се води сметка ,со оззеленувањето да се постигне поголем процент,како од естетски така и од заштитен аспект.

30. -Постојни градби

Постојните изградени градби остануваат во заштитниот појас на патот заштитниот коридор од 5м-заштитно зеленило,а нови да не се градат.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА ЗА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

31.Секоја градба сообраќајно да биде поврзана со уличната мрежа во ниво (влез излез од паркинг или гаража). Се препорачува нивелетата на внатрешните пристапи да паѓаат кон улицата која ја формира градежната парцела, а во правец на нагибот на теренот, во правец на истекотот на водата.

32. Се препорачува сите паркиралишта да се изведат од монтажно-демонтажни бетонски профилирани елементи (можност за интрвенција во инфраструктурата).

33.Параметри заизградба на уличната мрежа, односно улиците во рамките на Регулациските линии да се издадат врз основа урбанистички план и проекти за истите.Во содржината на проектите да се предвидат елементи на урбана опрема во функција на пешачките движења.

34. За градежните парцели, за кои се предвидува решавање со Архитектонско-Урбанистички проект да се изврши висинско планирање на теренот, согласно нивелманскиот план за непосредната улична мрежа, како и да се дефинираат апсолутните висински коти на приземјето за секоја градба.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ, ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ И ЗАШТИТА ОД ПОПЛАВИ

Водоснабдување

35.
Потребните количини на санитарна вода ќе се обезбедат од водоснабдителната мрежа на градот Скопје. Можноста за приклучок ќе биде дефинирано од страна на ЈП "Водовод и канализација" кое стопанисува со градската водоснабдителна мрежа.

36. Потребните количини на техничка вода ќе се обезбедат од независен извор - бунари. Местоположбата на бунарите и динамиката на користење на подземните води ќе биде дефинирана врз основа на извршени хидрогеолошки истражни и пробно експлоатациони работи со што ќе се утврди капацитетот на бунарот (бунарите). Исто така треба да се извршат и испитувања со кои ќе се утврди квалитетот на водата, односно дали физичко-хемиските и бактериолошките карактеристики на водата одговараат на критериумите за соодветната намена.

37. Секоја градба или комплекс од градби во Зоната, за кои има потреба од водоснабдување, да се поврзе со примарната водоводна мрежа во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена во сопствената градежна парцела. Приклучокот со примарниот вод да се изврши према важечките стандарди и нормативи за тој вид инфраструктура.

38.
Градбата на примарната и секундарната водоснабдителната мрежа ќе се утврди врз основа на план од пониско ниво и/или проект за инфраструктура.

Одведување на отпадни води

39. Приклучувањето на отпадните води од Зоната на канализациската мрежа на градот Скопје или селото Визбегово ќе биде во соработка и под услови кои ќе ги дефинира ЈП "Водовод и канализација" кое е надлежно за одржување на мрежата.
Секој субјект во Зоната мора да изврши предтретман на отпадни води од технолошкиот процес пред да ги испушти во канализациската мрежа.

40.Доколку нема можности за приклучување на канализациска мрежа на Зоната на канализациските мрежи, секој субјект е должен да изврши третман на отпадните води во пречистителна станица поставена во сопствена градежна парцела. Пречистителната станица може да биде и заедничка лоцирана во рамките на една или повеќе градежни парцели, врз основа договор меѓу два или повеќе корисници во Зоната.

41. Атмосферските отпадни води ќе се испуштаат во најблиските реципиенти Сува Река и реката Серава или во канализациската мрежа на градот Скопје или на новопредвидената за селото Визбегово. Приклучувањето на атмосферската канализациска мрежа од Зоната на ќе биде во соработка и под услови кои ќе ги дефинира ЈП "Водовод и канализација" кое е надлежно за одржување на мрежата.

42. Атмосферската отпадна вода вода пред да се испушти во реципиентите ќе биде подложена на третман во маслофаќачи.

43. Секоја градба, или комплекс од градби во Зоната, за кој има потреба од одведување на отпадните води да се поврзе со примарната канализациска мрежа за одведување на отпадните води во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал.

44. Градбата на примарните и секундарните канализациски мрежи ќе се утврди врз основа на план од пониско ниво и/или проект за инфраструктура.

45. Во границата на планскиот опфат минува суводолица - Сува Река која се влива во реката Серава. Сува Река е водотек од времен карактер, односно во периоди на интензивни врнежи низ коритото тече вода. При изработката на планската документација од пониско ниво да се предвиди регулација на коритото и да се обезбеди заштитен појас.
Регулацијата на коритото на Сува Река ќе биде предмет на проектно техничка документација во која ќе биде целосно согледано сливното подрачје со потребните параметри (топографски карактеристики, специфични протеци и др.) за дефинирање и димензионирање на коритото.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА ОД ДОМЕНОТ НА ЕЛЕКТРОСНАБДУВАЊЕТО, ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ

46.Секоја градба или комплекс од градби да се поврзе на електродистрибутивната мрежа.

47.Во секоја градежна парцела се дозволува поставување на дистрибутивни 10(20)kV трафостаници. Микролокацијата на овие трафостаници не се определени и истите може да биде изградени како засебни (во било кој дел од градежната парцела) или да биде во состав на друга градба (почитувајќи ја постојната законска регулатива). Трафостаниците може да се изградени во било кој дел од градежната парцела, а зависно од потребите на инвеститорот, со овој план, се дозволува една трафостаница да биде напојна за корисници од повеќе градежни парцели.

48.Со планско -проектна документација во понатамишната разработка на блоковите,или за градежните парцели кои се планираат да се разработат со АУП посебно, согласно барањата и спецификите на производните и технолошките процеси на потенцијалните стопански субјекти), ќе се утврди точната диспозиција на дистрибутивните трафостаници. При изработката на Архитектонско-урбанистички проекти се обврзуваат Изработувачот и Нарачателот на АУП-от да ги обезбедат потребните барања (услови) кои ќе се вградат, како и Мислење од лиценциран дистрибутер на електрична енергија.

49.Градбата на новата електромрежа и комуникациските инфраструктурни водови треба да биде во согласност со позитивната законска регулатива.

50.Врз основа на изработен Проект за инфраструктура да се изработат основни проекти на електро-комуникациската мрежа.

51.Градбите да се приклучат во електронско-комуникациската мрежа на начин утврден со посебен Проект за инфраструктура за конкретен корисник. Изработувачот и Нарачателот на проектната документација да ги обезбедат потребните барања (услови) кои ќе се вградат, како и Мислење од овластен оператор за електронски комуникации на РМ чии услуги ќе ги користат.
За секоја градежна парцела, за електромрежата, треба да се изработи засебен Проект

52.Градбите да се приклучат во електронско-комуникациската мрежа на начин утврден со посебен Проект за инфраструктура за конкретен корисник. Изработувачот и

Нарачателот на проектот да ги обезбедат потребните барања (услови) кои ќе се вградат, како и Мислење од овластен оператор за електронски комуникации на РМ чии услуги ќе ги користат.

53.Комуникацискиот кабел да се полага на начин кој нема да ја попречува работата на другите јавни комуникациски мрежи и придружни средства, како ни работата на други јавни електронски комуникациски услуги и услуги од друг карактер.

54.Врз основа на изработена проектна документација - Инфраструктурен проект и Светлотехничка пресметка да се изработат основни проекти на јавното осветлување.

55.При изборот на улични канделабри да се изврши нивна типизација со применет современ дизајн, односно во склад со High-Tech архитектурата, која се очекува да се примени во просторот.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ОД ДОМЕНОТ НА ГАСИФИКАЦИЈАТА

Примарна гасоводна мрежа (p=12 bar)

56 (1) Проектирањето, поставувањето и изградбата на **примарната гасоводна мрежа**, мора да биде во склад со соодветните технички и функционални барања и нормативи дадени во "Правилникот за изградба, одржување и безбедно функционирање на гасоводни системи од челични цевки за работен притисок до 13 бари", (Сл. весник, бр.100/2009 г.).

57 (2)Минималната длабочина на поставување на гасоводот изнесува:

- во нормални услови - 0,8 м до горниот дел на цевката;
- во отежнати услови на кратки делници се дозволува намалување на длабочината на поставување до 0,6 м;

во каменита почва не помалку од 0,5 м.

58 (3)Кога гасоводот се вкрстува со железнички и трамвајски пруги, патишта и улици или кога се поставува во регулациониот појас на патот или улицата (под автопат, тротоар, банкина, насип или одводен канал), истиот мора да биде заштитен со заштитна цевка, бетонски канал, бетонска плоча, завеса и др.

Ревизионите шахти не треба да се поставуваат на патот.
Минималната длабочина на вкопување на гасоводот при вкрстување со патишта и улици или исклучиво при водење под површината на патот треба да се определи според дебелината на конструкцијата и сообраќајното оптоварување, така да осигурува "заштитен слој" помеѓу конструкцијата на патот и заштитната цевка или горната површина на бетонска плоча со дебелина минимум од 0,3 до 0,5 метри. Длабочината на горната површина на патот и горната заштитна цевка, плоча и др. не смее да биде помала од 1 метар.

59(4)

Минималните дозволени растојанија на гасоводот од најблискиот раб на цевката на гасоводот до најблискиот раб на темелот на објектот изнесува:

Притисок на гасот во гасоводот (bar)	Минимално дозволено растојание (m)
од 7 до 13	3,00

Растојанијата може да бидат и помали со преземање на поголеми заштитни мерки (поголема дебелина на ѕидот на гасоводот, материјал со поголема цврстина, поставување на гасоводот во заштитна цевка итн.).

60 (5) Минималните дозволени растојанија на гасоводот од друг гасовод и друга техничка инфраструктура при вкрстување и паралелно водење изнесува:

Минимално дозволени растојанија, (м)		
	Пресекување	Паралелно водење
Гасоводи меѓусебно	0,2	0,6
Од гасовод до топловод, водовод и канализација	0,2	0,3
Од гасовод до проодни канали на топловоди	0,5	1,0
Од гасовод до проодни канали на топловоди	0,5	1,0
Од гасовод до електро кабли со низок и висок напон	0,3	0,6
Од гасовод до телефонски кабли	0,3	0,5
Од гасовод до цевковод на хемиска индустрија и технолошки флуиди	0,2	0,6
Од гасовод до бензиска станица	-	5,0
Од гасовод до високи зелени посеви	-	1,5

Минимално дозволени растојанија при вкрстување и приближување на гасовод со електро-енергетски водови изнесуваат:

Номинален напон (kV)	До темелот на столбот Вкрстување (м)	Од осовината на столбот Паралелно водење (м)
од 1 до 10	5	5
од 10 до 35	10	8
поголемо од 35	10	10

<u>Секундарна гасоводна мрежа(p=4 bar)</u>

61 (6) Проектирањето, поставувањето и изградбата на**секундарната гасоводна мрежа**, мора да биде во склад со "Правилникот за техничките прописи за изградба, одржување и безбедно функционирање на гасоводни системи од полиетиленски цевки за работен притисок до 10 бари", (Сл. вес., бр.133/2012 г.).

62 (7) Проектирањето и трасирањето на гасоводот треба да се изведе согласно прописите од областа на градење и просторно и урбанистичко планирање.Не може да се складираат материјали и да се садат дрвја над гасоводот, ако со тоа се загрозува работната безбедност и можноста за поправки на гасоводот.Не може да се градат згради над гасоводот или да се прави надградба од друг вид, која го загрозува пристапот до гасоводот.

63 (8)*Поставување на цевковод*

Поставувањето на цевководот во шупливи простории, како канали за водови, во мостови и слично треба да се врши само доколку шупливите простории доволно се роветруваат или доколку цевководите се поставуваат во заштитни цевки кои што завршуваат надвор од шупливите простории.

Поставувањето на подземните цевководи во подвозниците и премините, кои се користат за сообраќај на пешаци или на товарни возила, може да се врши и без заштитна цевка, доколку постои доволна природна вентилација.
Кај цевководи што не се поставуваат во земја треба да се применат посебни мерки на заштита. Кај надземни цевководи, кои што не се пристапни, и тоа цевководи што се поставуваат покрај, под или на мостови треба да се применат посебни мерки на заштита.
При поставување на цевковод без копање ровови, дополнително треба да се земат предвид толеранциите на положбите во зависност од постапката согласно техничките правила.

64(9)

Растојанија од подземни инсталации

Доколку цевководот за снабдување се поставува паралелно со друг постоен цевковод за снабдување, односно доколку се вкрстува со истиот, треба да се почитува минималното растојание за работа и за одржување, како и за да се избегне меѓусебното загрозување. Доколку поставувањето се врши во отворени ровови минималното растојание треба да не биде помало од 0,3 m од другите уреди за снабдување што одат паралелно и 0,3 m од другите уреди за снабдување со кои се вкрстува. Доколку не можат да се одржат овие минимални растојанија, цевките би требало да се заштитат со соодветни мерки согласно техничките правила за безбедност. При проектирањето и изборот на материјалот треба да се земе во предвид близината на системите што зрачат топлина како што се системи за затоплување, водови со висок напон и други.

65(10)

Растојанија од водови и кабли до 1 Kv

При поставувањето на цевки во отворени ровови, во случај на вкрстување без посебни мерки на заштита, треба да се почитуваат растојанијата од најмалку 0,1 m. Доколку се врши паралелно поставување, минималното растојание треба да одговара на половината од надворешниот дијаметар на цевката од водот со најголем дијаметар доколку нема посебни мерки за заштита, да не биде помало од 0,2 m.
При паралелно поставување или при вкрстување со водови или со кабли од кои зрачи топлина, цевководот од полиетилен треба да биде заштитен со доволно растојание, со соодветна заштита од топлина или со други соодветни мерки, согласно техничките правила за безбедност.

66 (11)

Растојание од кабли над 1 kV

При поставување на цевки во отворени ровови, без посебни мерки за заштита треба да се почитува растојанието од најмалку 0,2 m во случај на вкрстување, додека кај паралелно поставување растојанието треба да изнесува најмалку 0,4 m. Во тесните премини (тесни грла) растојанието не смее да биде помало од 0,2 m доколку не постојат посебни мерки за заштита.
Доколку не може да се почитува растојанието од став 1 на овој член, треба да се предвидат соодветни мерки за да се заштити гасоводот, и тоа со вметнување на изолациони плочи или плочи што заштитуваат од влијанието на

топлината. Овие мерки треба да бидат усогласени со соодветниот оператор на дистрибутивниот систем за природен гас.

Мерно-регулациска станица

67. (12)

Мерно регулациската станица е позиционирана во блок 1, на парцела во сопственост на РМ. При изработка на планска документација од пониско ниво за разработка на блок 1, треба да се почитува локациската поставеност на МРС дефинирана во овој плански документ.

68.(13)

Мерно-регулациската станица се поставува на оградена локација во посебно изградени објекти или метални ормани на посебни темели на следните растојанија од различни објекти:

Објект	Најмало хоризонтално растојание (м)
до зграда и до други објекти	15
до железничко-трамвајска пруга	15
до автопат (до работ)	8

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

69.По завршување на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат дополнителни економски трошоци заради потребата од нејзина дислокација.

По завршување на активностите, шутот треба да биде уредно одложен на депонија.

70.

По завршување на градежните активности да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини.

Се што не е опфатено со овие Општи и Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план, ќе се регулира со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. вес. на РМбр. 51/05 , 137/07,и 91/09,124/10,18/11,53/11,144/12,55/13,163/13,42/14), и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.вес. на РМбр.63/12,126/12,19/13,95/13,167/13,37/14,125/14,148/14), и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови, (Сл.вес. на РМбр. 78/06,37/14).

за работниот тим:

Цветанка Маркушоска, дипл.инж.арх. овластување бр: 0.0007
раководител на планот

Вера Попоска, дипл.инж.арх. овластување бр: 0.0037
Планер-соработник

-НОЕМВРИ-2016

1.3. Нумерички показатели за сообраќајната инфраструктура

Вкупна должина на планираната улична мрежа во градници на опфатот изнесува:

Магистрални улици:

- Транзитна магистрала бул. "Никола Карев" (Автопат А-4) = 2.475,68м'

Собирни улици :

- Новопланирана собирна улица 13 = 2.030,38м'
- Новопланирана собирна улица 14 = 312,26м'
- Новопланирана
- собирна улица 21 = 1.367,86м'

Вкупно: 3.710,50м'

Вкупна должина на планираните сервисни улици изнесува

- C1 = 774,36м'
- C2 = 898,60м'
- C3 = 774,44м'
- C4 = 64,87м'
- C5 = 306,25м'
- C6 = 820,90м'
- C7 = 557,72м'
- C8 = 430,11м'
- C9 = 568,68м'
- C10 = 109,94м'
- C11 = 2.125,66м'
- C12 = 289,25м'
- C13 = 1.024,49м'
- C14 = 120,00м'
- C15 = 361,77м'
- C16 = 309,00м'

Вкупно: 9.536,04м'

Површина наменета закомуникација-инфраструктура /Е1/во должина од 306,72м

МАГИСТРАЛНИ УЛИЦИ

Бул. Никола Карев (автопат А-4)
(транзитна магистрала)



СОБИРНИ УЛИЦИ

Новопланирана собирна улица 13



Новопланирана собирна улица 14
Новопланирана собирна улица 21



СЕРВИСНИ УЛИЦИ

C1 - C16



C11 (дел)



1.4. Нумерички показатели на водоснабдување и одведување на отпадните води

Водоснабдителна мрежа

дијаметар	должина
ф	м
100	9550
150	3600
200	350
300	850
Вкупно:	14350

Фекална канализациона мрежа

дијаметар	должина
ф	м
250	11400
2300	2400
вкупно	13800

Атмосферска канализациска мрежа

дијаметар	должина
ф	м
300	5500
400	2700
500	700
600	2200
800	1800
1000	2000
вкупно	14900

1.5. Нумерички показатели за електроенергетска инфраструктурата

Подземни и надземни инфраструктурни градби и водови:

- Заштитен коридор за ДВ 110kV во должина од 640м
- Коридор за реконструкција на 10kV електромрежа во должина од 7020м
- Коридор за планирана 10kV електромрежа во должина од 7550м
- 19 постојни дистрибутивни трафостаници 10/0,4kV

- Дислокација на 6 постојни дистрибутивни трафостаници 10/0,4kV
- Една планирана трафостаници 10/0,4kV за јавно осветлување

Нумерички показатели за електронско-комуникациска инфраструктурата

Подземни и надземни инфраструктурни градби и водови:

- Коридор за реконструкција на комуникациска мрежа со кабли во должина од 6480м
- Коридор за планирана комуникациска мрежа во должина од 8200м
- Дислокација на две базни станици (1 на Т-Мобиле и 1 на ВИП)
- Една базна станица на ОНЕ

Нумерички показатели за јавно осветлување

Подземни и надземни инфраструктурни градби и водови:

- 186 метални столбови со височина 10м, со една натриумова сијалица од 250W;
- 76 метални столбови со височина 10м, со две натриумови сијалици од 250W;

1.6.Нумерички показатели за гасоводнатаинфраструктура

Номиналниот пречник на влезниот гасовод кој ја поврзува МРС со градската гасоводна мрежа ќе биде $Ø_n$250 mm и димензиониранза работа под максимален апсолутен притисок од 12 bar. Вкупната должина во рамките на урбаниот опфат изнесува:

за p_e=12 bar - примарна гасоводна мрежа

– $Ø_n$250 200 метри

Оптималните пречници на секундарните цевководи кои излегуваат од МРС кон потрошувачите, утврдени се врз основа на пресметаната количина на гас по делници и дозволениот пад на притисок. Како резултата на тоа добиени се следните должини по номинален пречник:

за p_e=4 bar, секундарна гасоводна мрежа

- $Ø_n$ 400 850 метри,
- $Ø_n$350 1500 метри,
- $Ø_n$300 50 метри,
- $Ø_n$ 250 500 метри,
- $Ø_n$ 150 1450 метри,
- $Ø_n$ 100 1100 метри,

ВКУПНО:5450 метри

2.Билансни показатели - споредбено прикажани (постојните со планираните билансни показатели)

Документациона основа

А1-Домување/индивидуално домубање/ -------- **9.16ха со 4.23 %**
Б- Комерцијални намени --------- **5.33ха со 2.46 %**

Деловни објекти---------2.30ха 1.06%

Хотелски комплекс ----2.63ха 1.21%

Ресторан ---------- 0.40 ха 0.18%

Г-Производство ,дистрибуција и сервиси -------- **50.82ха со 23.45 %**
Г2 -Лесна незагадувачка индустрија
Г3-Сервиси,
Г4-Складишта
Д-Зеленило и рекреација
Д2-Заштитно зеленило ---------- **10.16 ха со 4.68 %**

Е –Инфраструктура ---------- 9.20 ха со 4.24%

/асфалтен пат ,земјан пат ,земјан канал/

–Неуредено земјиште покрај пат ---------- 3.00 ха со 1.38 %

–Неизградено земјиште ---------- 136.17 ха со 62.84 %

Планска документација

Г-Производство ,дистрибуција и сервиси ------174.50 ха со 80.52 %
Г2,лесна незагадувачка индустрија,Г3-Сервиси,Г4-Складишта

А-Б-Мешана намена
/домување ,комерцијални и деловни намени/-----6.68ха со 3.08%
А1-Домување во станбени куќи
Б1-Мали комерцијални и деловни намени

Д-Зеленило и рекреација
Д2-заштитно зеленило ---------- **10.16 ха со 4.68 %**
Е1- Комунална инфраструктура/сообраќај/--------- **19.27 ха со 8.89 %.**
Заштитен појас на транз. Магистрала ---------- **4.89 ха со 2.27%**

за работниот тим:

Цветанка Маркушоска, дипл.инж.арх. овластување бр: 0.0007
раководител на планот

Вера Попоска, дипл.инж.арх. овластување бр: 0.0037
Планер-соработник

НОЕМВРИ-2016



ЛЕГЕНДА:

683/1 - БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ НА У.П. (14.404м^2)

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план

за изградба на индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси на К.П.бр.674/1, К.П.бр.675/1, К.П.бр.681, К.П.бр.682 и К.П.бр.683/1, К.О.Бардовци, м.в.„Бозелки“, Општина Карпош

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА :
АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕНА ГРАНИЦА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

БИРО ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И СТУДИИ ТОМЕ - ТРГОВСКО ДРУШТВО БИТОЛА

3.

P = 1 : 1000



Трговско друштво за урбанизам, проектирање и студии Томе
„БИРО ЗА УРБАНИЗАМ“
ул.„Панде Николов“ бр.9, 7000 Битола, Република Македонија
Лиценца за изработување на урбанистички планови **бр.0092**

Технички број: **У-09/23**

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план
за изградба на индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси на К.П.бр.674/1, К.П.бр.675/1, К.П.бр.681, К.П.бр.682 и К.П.бр.683/1, К.О.Бардовци, м.в.„Бозелки“, Општина Карпош

НАРАЧАТЕЛ:	ФАЗА: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ДПТ „АТС Гроуп“ ДООЕЛ, ул.„1550“, бр.17, Скопје	Ажурирана геодетска подлога со нанесена граница на проектниот опфат P=1:1000
	Планер: Томе Ристевски д.и.а. бр. на овластување 0.0040
	Планер: Благоја Ристевски д.и.а. бр. на овластување 0.0560
	Планер: Јован Ристевски м.и.а. бр. на овластување 0.0712
	Контрола: Томе Ристевски д.и.а. / Управител: Томе Ристевски д.и.а.
e-mail: bubtome@gmail.com	ДАТА : 07/2025г. / ЛИСТ бр.3



ЛЕГЕНДА:

683/1 - БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ НА У.П. (14.404м^2)

- ПОСТОЕН 0.4kV ПОДЗЕМЕН ВОД СОПСТВЕНОСТ НА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ

- ПОСТОЕН 10(20)kV ПОДЗЕМЕН ВОД СОПСТВЕНОСТ НА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ

- ЗАШТИТЕН КОРИДОР НА 10(20)kV ПОДЗЕМЕН ВОД СОПСТВЕНОСТ НА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ - 2x1м ИЛИ ВКУПНО 2м

- ПОСТОЕЧКА ВОДОВОДНА МРЕЖА Ф90

- ПОСТОЕН ЈАВЕН ПАТ - ЗЕМЈЕН КОЛОВОЗ НА ДЕЛ ОД К.П.бр.674/1, К.О.БАРДОВЦИ, ОПШТИНА КАРПОШ

- ЕЛЕКТРИЧЕН СТОЛБ

270.73 - ВИСИНСКИ КОТИ - АПСОЛУТНИ НАДМОРСКИ ВИСИНИ

Табеларен приказ на нумерички податоци / постојна состојба

Број на К.П.	Катастарска Општина	Култура	Површина на К.П. - м^2	Катност	Бруто површина	Процент на застапеност
К.П.бр.683/1	К.О.Бардовци	земјоделско земјиште	5.321м^2	-----	-----	36.94%
К.П.бр.682	К.О.Бардовци	земјоделско земјиште	1.278м^2	-----	-----	8.87%
К.П.бр.681	К.О.Бардовци	земјоделско земјиште	1.423м^2	-----	-----	9.87%
К.П.бр.675/1	К.О.Бардовци	земјоделско земјиште	3.487м^2	-----	-----	24.21%
К.П.бр.674/1	К.О.Бардовци	земјоделско земјиште	2.896м^2	-----	-----	20.11%
ВКУПНО = 14.404 м^2						**100.00%**

Билансни показатели на постојната состојба :

Површина на проектен опфат	14.404м^2	
Неизградено земјиште (З3)	14.355м^2	99.65%
Постоен јавен пат - земјен коловоз	49м^2	0.35%
Зеленило	0.00м^2	0.00%
Култура на земјиштето	33	
ВКУПНО = 14.404 м^2		**100%**

ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ за ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ (постојна состојба)

Број на катастарска парцела	Површина на проектен опфат	Површина под габарити			М.Д.В. до к.в. /етажи	НАМЕНА на постојните објекти	Вкупно развиена површина	ПАРКИРАЊЕ	
		М^2	П.И. %	К.И.				број	начин
675/1 и други	14.404 м^2	0.00 м^2	0%	0.00	---	---	0.00 м^2	---	

НАПОМЕНА : Во проектниот опфат нема изграден градежен фонд, исто така нема градби со режим на заштита на културно наследство, постојни споменични целини, културни предели и друго.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план

за изградба на индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси на К.П.бр.674/1, К.П.бр.675/1, К.П.бр.681, К.П.бр.682 и К.П.бр.683/1, К.О.Бардовци, м.в.„Бозелки“, Општина Карпош

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - СУПЕРПОНИРАН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ :
- КАРТА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД
- КАРТА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
- КАРТА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ДРУГО

ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И СТУДИИ ТОМЕ - БИРО ЗА УРБАНИЗАМ БИТОЛА

4.

Р = 1 : 1000



Трговско друштво за урбанизам, проектирање и студии Томе
„БИРО ЗА УРБАНИЗАМ“
ул.„Панде Николов“ бр.9, 7000 Битола, Република Македонија
Лиценца за изработување на урбанистички планови **бр.0092**

Технички број: У-09/23

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план
за изградба на индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси на К.П.бр.674/1, К.П.бр.675/1, К.П.бр.681, К.П.бр.682 и К.П.бр.683/1, К.О.Бардовци, м.в.„Бозелки“, Општина Карпош

НАРАЧАТЕЛ:	ФАЗА: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ДПТ „АТС Гроуп“ ДООЕЛ, ул.„1550“, бр.17, Скопје	Карта на изграденият градежен фонд Карта на изградената комунална инфраструктура Карта на градби со режим на заштита на културното наследство, постојни споменични целини, културни предели и друго P=1:1000 Планер: Томе Ристевски д.и.а. бр. на овластување 0.0040 Планер: Благоја Ристевски д.и.а. бр. на овластување 0.0560 Планер: Јован Ристевски м.и.а. бр. на овластување 0.0712 Контрола: Управител: Томе Ристевски д.и.а. Томе Ристевски д.и.а.
e-mail: bubtome@gmail.com	**ДАТА : 07/2025г.** **ЛИСТ бр.4**

„БИРО ЗА УРБАНИЗАМ“ ДООЕЛ БИТОЛА

Т.Д. ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И СТУДИИ

ПЛАНСКИ ДЕЛ
НА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЗА

ИЗГРАДБА НА ИНДУСТРИСКИ ЗГРАДИ ОД ДРУГИ ПРЕРАБОТУВАЧКИ ИНДУСТРИИ СО ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКИ ПРОЦЕСИ - ФАБРИЧКИ КОМПЛЕКСИ НА К.П.бр.674/1, К.П.бр.675/1, К.П.бр.681, К.П.бр.682 И К.П.бр.683/1, К.О.БАРДОВЦИ, м.в.„БОЗЕЛКИ“, ОПШТИНА КАРПОШ

ИЗРАБОТУВАЧ: ТДУПС „БИРО ЗА УРБАНИЗАМ“ ДООЕЛ БИТОЛА

ИНВЕСТИТОР: ДПТ „АТС ГРОУП“ ДООЕЛ, ул.„1550“, бр.17, СКОПЈЕ

ТЕХ. БРОЈ: У-09/23

0	ТОМЕ РИСТЕВСКИ дипл.инж.арх. ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР 0.0040
0	БЛАГОЈА РИСТЕВСКИ дипл.инж.арх. ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР 0.0560
0	ЈОВАН РИСТЕВСКИ дипл.инж.арх. ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР 0.0712

БИТОЛА, ЈУЛИ, 2025г.

ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И СТУДИИ ТОМЕ - БИРО ЗА УРБАНИЗАМ БИТОЛА

II. ПЛАНСКИ ДЕЛ

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Проектна програма

2.Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат.

3.Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение:

- дејности и активности
- внатрешни сообраќајници
- партерно решение со хортикултура
- водови и инсталации на инфраструктурите

4.Детални услови за проектирање и градење

5.Мерки за:

- заштита на животната средина
- заштита и спасување
- обезбедување на пристапност за лица со инвалидност
- заштита на природното и културното наследство, и
- други мерки согласно мислења од надлежни субјекти

Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

5.Урбанистичко решение на проектниот опфат: Р=1:1000

-површини за градење;

-табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за проектниот опфат (постојна состојба) и

-табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за градбите во проектниот опфат (планирана состојба).

6.Урбанистичко решение на проектниот опфат: Р=1:1000

-внатрешен и стационарен сообраќај и

-нивелманско решение

7.Урбанистичко решение на проектниот опфат: Р=1:1000

-партерно уредување со хортикултура

8.Урбанистичко решение на проектниот опфат: Р=1:1000

-приклучни точки за сите водови и градби на инфраструктура

III. ИДЕЕН ПРОЕКТ

ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И СТУДИИ ТОМЕ - БИРО ЗА УРБАНИЗАМ БИТОЛА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЗА

ИЗГРАДБА НА ИНДУСТРИСКИ ЗГРАДИ ОД ДРУГИ ПРЕРАБОТУВАЧКИ ИНДУСТРИИ СО ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКИ ПРОЦЕСИ - ФАБРИЧКИ КОМПЛЕКСИ НА К.П.бр.674/1, К.П.бр.675/1, К.П.бр.681, К.П.бр.682 И К.П.бр.683/1, К.О.БАРДОВЦИ, м.в.„БОЗЕЛКИ“, ОПШТИНА КАРПОШ

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ НА ПЛАНСКИ ДЕЛ НА У.П. ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Вовед:

Врз основа на член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М. бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) се изработува овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план.

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план се планира врз основа на дозволените урбанистички параметри од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25) за градби од група на класи на намени Г-Производство, рударство, енергетика и индустрија и класи на намени Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија.

Согласно новата номенклатура поединечна намена на земјиштето и градбите ќе биде Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси.

Конкретната намена на идните градби ќе биде (199) Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси.

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план има содржина согласно член 60 и член 61 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25).

Во рамките на К.П.бр.674/1, К.П.бр.675/1, К.П.бр.681, К.П.бр.682 и К.П.бр.683/1, К.О.Бардовци, м.в.„Бозелки“, Општина Карпош, катастарските парцели кои се предмет на разработка/изработка, при теренската анкета на постојната состојба констатирани се следните содржини:

- неизградено земјиште, односно во проектниот опфат нема изградено објекти;

- на североисточна страна на проектниот опфат се наоѓа некатегоризиран пристапен пат (К.П.бр.2251/4, К.О.Бардовци, Општина Карпош, која во имотен лист бр.3 е заведена како земјиште под инфраструктурни објекти) со земјен коловоз преку кој се пристапува во истиот.

- комунална инфраструктура, односно инсталации кои поминуваат низ проектниот опфат нема, а источно од проектниот опфат постојат електроенергетски објекти и инсталации сопственост на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје и тоа 10(20)kV Подземна мрежа и 0.4kV Подземна мрежа и исто така источно од проектниот опфат поминуваат постојни и планирани инсталации и тоа: постојна Ф150 водоводна мрежа, планирана Ф400 фекална канализација и планирана Ф1000 атмосферска канализација.

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА

У.П. вон опфат на урбанистички план за изградба на индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси на К.П.бр.674/1, К.П.бр.675/1, К.П.бр.681, К.П.бр.682 и К.П.бр.683/1,

К.О.Бардовци, м.в.„Бозелки“, Општина Карпош, се изработува согласно Условите за планирање, со технички број Y23023 од Мај, 2023годг., Решението за услови за планирање на просторот со Арх.бр.УП1-15 1099/2023 од 25.05.2023год. и по основ на член 58, став (6) и член 59, став (6), алинеја 11 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М. бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), како тип на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, на земјоделско земјиште со кој се врши урбанистичко-архитектонско обликување на планираните градби и внатрешниот сообраќај на една поголема градежна парцела(идна) оформена во урбанистички проект.

3.1 Опис на дејностите или активностите кои ќе се одвиваат во градбите во проектниот опфат:

Во рамките на проектниот опфат (идната градежна парцела), на К.П.бр.674/1, К.П.бр.675/1, К.П.бр.681, К.П.бр.682 и К.П.бр.683/1, К.О.Бардовци, м.в.„Бозелки“, Општина Карпош, ќе се одвива дејност од класа на намени Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија.

Површината на проектниот опфат изнесува 14.404м^2 или приближно околу 1.44ха. Проектниот опфат е идентичен со границата на дел од ободните страни на катастарските парцели ободните страни на катастарските парцели К.П.бр.674/1, К.П.бр.675/1, К.П.бр.681, К.П.бр.682 и К.П.бр.683/1, К.О.Бардовци, м.в.„Бозелки“, Општина Карпош.

Во идната градежната парцела се предвидуваат 4(четири) површини за градење, од кои 2(две) се за изградба на Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси (површини за градба нумерирана со број 3 и 4), а останатите 2(две) се за изградба на Е1.8-Трансформаторски станици (површина за градба нумерирана со број 2) и за изградба на Објект за чуварска служба и обезбедување (површина за градба нумерирана со број 1).

3.2. Внатрешни сообраќајници:

Во проектниот опфат се предвидува една внатрешна сообраќајница од која се пристапува до идните градби. Во рамки на градежната парцела се предвидуваат пристапни патеки до планираните површини за градба за движење на моторните возила околу површините за градба, односно околу идните градби. Тие се предвидени заради полесен транспорт и дотур на материјали, како и за одвоз на готов производ. Земјиштето низ кое ќе поминува внатрешната сообраќајница е сопственост на инвеститорот на овој урбанистички проект. Главниот влез во конкретниот проектен опфат ќе биде од исток, од постојниот јавен пат со земјен коловоз, односно од К.П.бр.2251/4, К.О.Бардовци, Општина Карпош, која во имотен лист бр.3 е заведена како земјиште под инфраструктурни објекти.

Појаснување на сообраќајно решение:

Сообраќајното решение за предметната локација е испроектирано и планирано за да овозможи безбедно и непречено функционирање на објектот како и негово безбедно приклучување во сообраќајот на останатата улична мрежа.

Режимот на сообраќај е предвиден да се одвива со еднонасочен влез и излез во / од локацијата, а истата внатрешно ќе се опслужува со интерни сообраќајници на начин дефиниран со проектираната вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација. Пристапот во парцелата е предвиден еднонасочен преку локалниот пат од северо-западната страна по што товарните возила се насочуваат за еднонасочно движење околу објект а патничките автомобили ќе можат да се движат и лево по интерната сообраќајница од каде што ќе пристапуваат до паркинг просторите предвидени за нив. Интерните сообраќајници се предвидени да бидат со еднонасочно движење, освен сообраќајницата што води кон јужно источниот дел од парцелата позади објектот предвиден за магацински простор каде што се предвидува двонасочно движење на улица со профил од 3,5 метри при што првенството на минување е регулирано со помош на вертикалната сообраќајна сигнализација. Овој потег е со мала должина поради што и се овозможува ваквиот начин на регулирање а истото ќе овозможи нормално одвивање, пред се поради фактот што улицата треба да опслужи само ПП возило по потреба, а на нејзиниот слеп крај е оформена кружна свртница за нивно извртување и враќање назад. Излезот е предвиден исто така еднонасочен на планираната улица од источната страна.

Сообраќајната сигнализација е означена со соодветна сигнализација согласно Правилникот за сообраќајните знаци, опрема и сигнализација на патот, при што се користени ознаки и шифри согласно истиот. До секоја ознака е поставена и слика од сообраќајниот знак соодветен на шифрата од правилникот.

3.3 Начин на обезбедување на потребен број на паркинг места:

Паркирањето да се реши во границите на градежната парцела согласно член 129, 130, 131 и 132 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25). Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволена височина и површината за градење. При планирањето на сообраќајниот систем, потребно е да се обезбеди заштитен коридор и пристап до идните градби за противпожарни возила, согласно прописите за ППЗ кои се на сила. Паркинг местата да се обележат на планираните платоа, согласно проектната документација. Предвидените паркинг места ќе се користат само од вработените во администрацијата на индустрискиот објект на ДПТ „АТС Гроуп“ ДООЕЛ и посетители, додека работниците ќе имаат организиран превоз од собирни локации до фабричкиот комплекс. Согласно тоа бројот на предвидени, односно обезбедени паркинг места изнесува 39 паркинг места од кои 1 паркинг место е за лица со посебни потреби и истиот број е доволен.

Пресметката на потребниот број на паркинг места е направена согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25), а начинот на пресметување на најмалиот потребен број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, кој ќе се утврди во урбанистичкиот проект како проектанска одредба се користат следниве нормативи за конкретната група на класи на намени

за земјиштето Г - Производство, рударство, енергетика и индустрија, односно класи на намени на земјиштето Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, а поединечна намена на земјиштето Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси е следниот: Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички проект, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај - службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата - да се обезбедат во рамки на градежната парцела, и на крај согласно потребите на самиот инвеститорот, а и согласно направените анализи од негова страна во однос на бројот и структурата на вработени како и задоволување на анализираните потреби за стационарен сообраќај (службен и индивидуален), треба да се обезбедат минимум 37 паркинг места во рамки на градежната парцела бр.1.1, а обезбедени се 39 паркинг места.

3.4 Партерно решение со хортикултура:

Површините наменети за внатрешен динамичен сообраќај, внатрешната сообраќајница од која се пристапува до идните градби се предвидува да биде асфалтирана, а пристапните патеки во рамки на градежната парцела за движење на вработени околу идните градби се предвидува да бидат поплочени со бекатон плочки.

При изработката на основниот проект, да се примени член 20, став (3) од Законот за урбано зеленило (Сл.в. на Р.М. бр.11/18), и член 172, ставови (4) и (5) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25). Површините наменети за озеленување, а тоа се сите површини во градежната парцела кои не се зафатени со површините за градење, пристапните патеките и внатрешните сообраќајници се предвидува да бидат уредени со трева и ниско украсно зеленило.

3.5 Водови и инсталации на инфраструктурите:

Површините за градење во градежната парцела бр.1.1, ќе бидат поврзани на веќе изградената водоводна мрежа, а ќе има предвидени и инсталации за приклучок на планираната фекална канализациона мрежа и атмосферска канализација. Секако, идните градби ќе бидат поврзани и на веќе изградената електрична мрежа, согласно тоа во рамки на идната градежна парцела ќе се предвидат електрични инсталации.

Во рамки на проектниот опфат ќе биде предвидена и телекомуникациска мрежа, која е потребна за видео надзор и далечинско управување на видеонадзорот и влезовите во градежната парцела.

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

Намената на површината за градење планирана и проектирана со овој Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план, е во согласност со намената педвидена во условите за планирање, а тоа е Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси.

Согласно номенклатурата поединечна намена на земјиштето и градбите ќе биде Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси.

Конкретната намена на идните градби ќе биде (199) Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси.

Согласно овој урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, максималната висина ќе се дефинира во зависност од потребите на технолошкиот процес кој ќе биде прикажан со проектната документација.

Согласно „Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси на К.П.бр.674/1, К.П.бр.675/1, К.П.бр.681, К.П.бр.682 и К.П.бр.683/1, К.О.Бардовци, м.в.„Бозелки“, Општина Карпош“, максимален дозволен процент на изграденост изнесува 53.01%. Максимално дозволен коефициент на искористеност е 1.48, а дозволена површина за градење изнесува 7.527m^2.

Проектниот опфат е идентичен со границата на дел од ободните страни на катастарските парцели ободните страни на катастарските парцели К.П.бр.674/1, К.П.бр.675/1, К.П.бр.681, К.П.бр.682 и К.П.бр.683/1, К.О.Бардовци, м.в.„Бозелки“, Општина Карпош.

Во идната градежната парцела се предвидуваат 4(четири) површини за градење, од кои 2(две) се за изградба на Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси (површини за градба нумерирана со број 3 и 4), а останатите 2(две) се за изградба на Е1.8-Трансформаторски станици (површина за градба нумерирана со број 2) и за изградба на Објект за чуварска служба и обезбедување (површина за градба нумерирана со број 1).

Во продолжение ќе се дадат урбанистичките параметри за градежната парцела бр.1.1.

- Урбанистички параметри за **Г.П. бр.1.1**

- површина на градежна парцела бр.1.1	14.200м^2
- површина за градење (вкупно)	7.527м^2
- површина за градење бр.1. (Објект за чуварска служба и обезбедување), кота на нулта плоча во апсолутна вредност - +271.30 м.н.в.	83м^2

- површина за градење бр.2. (Е1.8-Трансформаторски станици), кота на нулта плоча во апсолутна вредност - +271.30 м.н.в.	20м^2
- површина за градење бр.3. (Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси), кота на нулта плоча во апсолутна вредност - +270.50 м.н.в.	1.238м^2
- површина за градење бр.4. (Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси), кота на нулта плоча во апсолутна вредност - +272.50 м.н.в.	6.186м^2
- процент на изграденост	53.01%
- вкупно развиена површина за градење	14.941м^2
- коефициент на искористеност	1.48
- намена на површината за градење	Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси
- комплементарни класи на намени	Б4.1 - Деловни згради со канцеларии, Г4.1 - Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, Г4.6 - Силоси за цемент и други суви агрегати, индустриски ладилници, резервоари и цистерни, Е1.5 - Инфраструктури на водоснабдување, Е1.6 - Канализациски инфраструктури, Е1.8 - Водови за пренос на електрична енергија и Помошни градби и градби за нивно надкривање – Објекти за чуварски служби и обезбедување
- кота на нулта плоча	0.15м до 1.20м

- максимална висина до кровен венец	4.0м, 9.0м, 20.0м
- максимален број на спратови	П (еден), П+1 (два), П+3 (четири)
- влез од јавен пат со земјен коловоз (локален пат)	К.П.бр.2251/4, К.О.Бардовци, Општина Карпош

При изработка на основниот проект за АТС – Фабрички комплекс, да се примени член 20, став (3) од Законот за урбано зеленило (Сл.в. на Р.М. бр.11/18), и член 172, ставови (4) и (5) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25).

Во однос на идејниот проект во овој У.П., тој е во рамките на површините за градење. Како составен дел на У.П. идејните проекти содржат фаза „А“, согласно чл.61 став(2), како потребни идејни проекти во зависност од видот и карактеристиките на предметните градби.

Во текот на процесот на целосно проектирање, односно, доколку при реализација на Урбанистичкиот проект, потребни се одредени измени на Идеен проект или е потребно усогласување на Идејниот проект со Законот за градење, се изработува нов Идеен проект во согласност со урбанистичките параметри од овој Урбанистички проект и во согласност со законската регулатива од областа на градењето.

Согласно член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25), комплементарна намена е намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со урбанистичкиот план. Соодветно на тоа се предвидуваат комплементарни намени согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25) и тоа следните класи на намени: Б4.1 - Деловни згради со канцеларии, Г4.1 - Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, Г4.6 - Силоси за цемент и други суви агрегати, индустриски ладилници, резервоари и цистерни, Е1.5 - Инфраструктури на водоснабдувањето, Е1.6 - Канализациски инфраструктури, Е1.8 - Водови за пренос на електрична енергија и Комплементарната намена Помошни градби и градби за нивно надкривање – Објекти за чуварски служби и обезбедување.

Комплементарната намена Помошни градби и градби за нивно надкривање – Објекти за чуварски служби и обезбедување, е одредена како комплементарна намена на поединечна намена на земјиштето Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси, се со цел законски да е регулирана изградбата и на предвидениот објект за чуварска служба и обезбедување (површина за градење бр.1).

Комплементарната намена Е1.8 - Водови за пренос на електрична енергија, е одредена како комплементарна намена на поединечна намена на земјиштето Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со

помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси, се со цел законски да е регулирана изградбата и на предвидената трафостаница (површина за градење бр.2) и електрични водови внатре во идната градежна парцела.

Комплементарните намени, Е1.5 - Инфраструктури на водоснабдувањето и Е1.6 - Канализациски инфраструктури, се одредени како комплементарна намена на поединечна намена на земјиштето Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси, се со цел законски да е регулирана изградбата и на планираната водоводна и канализациона мрежа во рамки на идната градежна парцела.

Комплементарната намена Г4.6 - Силоси за цемент и други суви агрегати, индустриски ладилници, резервоари и цистерни, е одредена како комплементарна намена на поединечна намена на земјиштето Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси, се со цел законски да е регулирана изградбата и поставување на индустриските резервоари и цистерни, кои се неопходни за процесот на функционирање на самиот Фабрички комплекс на АТС. Силосите за цемент и други суви агрегати се само таксативно наведени бидејќи целосниот назив на комплементарната намена е „Г4.6 - Силоси за цемент и други суви агрегати, индустриски ладилници, резервоари и цистерни“, а во никој случај не се предвидуваат како комплементарни намени на поединечна намена на земјиштето Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси.

Комплементарната намена Г4.1 - Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, е одредена како комплементарна намена на поединечна намена на земјиштето Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси, се со цел законски да е регулирана изградбата на предвидениот магацин (површина за градење бр.3).

Комплементарната намена Б4.1 - Деловни згради со канцеларии, е одредена како комплементарна намена на поединечна намена на земјиштето Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси, се со цел законски да е регулирана изградбата на предвидениот административен дел (канцеларии) во делот од површина за градење бр.4, односно делот од површината за градење бр.4 која е денивелирана со помошни градежни линии, а е наменета канцеларии.

Површината на основната намена заедно со површината на комплементарните намени на планираната градба не смеат да го надминуваат процентот на изграденост (максимум 53.01%) и коефициентот на искористеност (максимум 1.48) дефиниран во овој У.П.

Согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25), начинот на пресметување на минималниот потребен број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, кој ќе се утврди во урбанистичкиот проект како

проектанска одредба се користат следниве нормативи за конкретната група на класи на намени за земјиштето Г - Производство, рударство, енергетика и индустрија, односно класи на намени на земјиштето Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, а поединечна намена на земјиштето Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси е следниот: Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички проект, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај - службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата, во рамки на градежната парцела да се обезбедат минимум 37 паркинг места. Минималниот број на паркинг места кои треба да се обезбедат е услов за изградба, односно добивање на Одобрение за градење за објектите предвидени со овој Урбанистички проект.

Врз основа на дописот Бр.12-8/1101 од 08.08.2023 година, Агенцијата за цивилно воздухопловство утврди дека проектниот опфат се наоѓа во зона на спортскиот аеродром Скопје-Стенковец, на 3376метри јужно од референтната точка на аеродромот, во т.н. конусна рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува 383м.н.в., односно локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

